*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Уп1Бр. 18/24-282*
*5.05.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
Детален Урбанистички План за Урбана Четврт СЗ 10.01, со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип /плански опфат: осовина на Новопроектирана улица "6", осовина на новопроектирана собирна улица "Димитар Влахов", осовина на река “Брегалница” и осовина на новопроектирана градска магистрала “1”/

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен

Детален Урбанистички План за Урбана Четврт СЗ 10.01, со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип /плански опфат: осовина на Новопроектирана улица "6", осовина на новопроектирана собирна улица "Димитар Влахов", осовина на река “Брегалница” и осовина на новопроектирана градска магистрала “1”/

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- од север опфатот е дефиниран по осовина на Новопроектирана собирна улица “6”;
- од исток опфатот е дефиниран по осовина новопроектирана собирна улица “Димитар Влахов”;
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на река Брегалница;
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на Новопроектирана градска магистрала “1”

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за Детален Урбанистички План за Урбана Четврт СЗ 10.01, со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип /плански опфат: осовина на Новопроектирана улица "6", осовина на новопроектирана собирна улица "Димитар

Влахов", осовина на река "Брегалница" и осовина на новопроектирана градска магистрала "1"/ вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 304347,66m2.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавната анкета и јавната презентација по Детален Урбанистички План за Урбана Четврт СЗ 10.01, со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип /плански опфат: осовина на Новопроектирана улица "6", осовина на новопроектирана собирна улица "Димитар Влахов", осовина на река "Брегалница" и осовина на новопроектирана градска магистрала "1"/ ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 27 мај 2025 (вторник) до 25 јуни 2025 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 12 јуни (четврток) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетрањето на јавната анкета.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*